Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 46. седница одржана на ден 12.3.2025 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на Правилникот**
**за внатрешната организација, делокругот и начинот**
**на извршување на задачите на општинската администрација**
**на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-62/3 од 03.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр. 09-2643/5 од 14.07.2023 година.

**Член 2**

Во Глава II со наслов „Вид и број на организациони единици" во член 12 по алинејата 3, „Одделение за сметководство и плаќања" се додава нова алинеја 4, која гласи: „Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци".

**Член 3**

Во Глава III со наслов „Делокруг на работа на организационите единици", Точка 3 со наслов „Сектор за финансиски прашања" по Точката В со наслов „Одделение за сметководство и плаќања" и по член 29 се додава нова точка Г и нов член 29-а кои гласат

Г. Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци

„Член 29-а“

Одделението за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци подготвува одлуки за даночните стапки и комуналните такси, води евиденција на даночните обврзници, подготвува решенија за утврдување и наплата на даноците на имот, води регистар на даночните пријави, врши присилна наплата на даночниот долг, врши правни работи за наплата на даночните обврски на граѓаните и врши и други работи што ќе му бидат дадени во надлежност согласно закон.
Развива политики за анализа, стратегија, развој, планирање на приходи и систематизираност на јавните приходина ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје и соработува со Сектор за даноци на имот и комунални такси на Град Скопје, разменува информации, податоци, финансиски извештаи и сл.

**Член 4**

Согласно извршените измени и дополнувања на интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања на графичкиот приказ (Органограм) на внатрешната организација на општината, кој е составен дел на овој Правилник.

**Член 5**

Овој Правилник стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје“, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 08-1503/42
12.3.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска